WEB4YES

Co-financed by the European Union

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

КАКО ОД ОБРАЗОВАНИЕ БАЗИРАНО НА ФАКТИ ДО ОБРАЗОВАНИЕ БАЗИРАНО НА ВЕШТИНИ?

LEAD
Leaders for Education, Activism and Development

Сојуз за младинска работа

ИМПРЕСУМ

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Како од образование базирано на факти
до образование базирано на вештини?

АВТОР:

Иван Јованов

ИЗДАВАЧ:

Здружение Лидери за едукација, активизам и развој
Сојуз за младинска работа

ЗА ИЗДАВАЧОТ:

Илија Станковски, Програмски директор
Драган Атанасов, Генерален секретар

ДИЗАЈН:

Ивона Минчева

Овој документ е креиран како дел од проектот Училиште за животни вештини финансирана во рамки на регионалната програма Web4YES (Western Balkan Civil Society Organisations for Youth Employment Support), која е финансиски поддржана од Европската комисија.

РЕЗИМЕ

Образованието базирано на животните вештини е концепт кој е релативно нов во нашето општество и како таков е од неодамна застапен во нашиот образовен систем. Имено, првите програми за животни вештини во основното образование се воведени во 2008 година, а во средното образование во 2011 година.

Сепак на животните вештини им се дава огромен фокус од страна на меѓународните организации пред се Светската здравствена организацијата (СЗО) и УНЕСКО (организацијата за образование, наука и култура при Обединетите нации). Во таа насока постојат повеќе дефиниции за тоа што претставуваат животните вештини, меѓутоа сите се сложуваат дека животните вештини го поттикнуваат социјалниот и емоционалниот развој на човекот и му помагаат да се подготови за предизвици во животот.

Меѓутоа, колку е македонскиот образовен систем успешен во пренесување на животните вештини? За жал, немаме детални податоци, бидејќи не постојат истражувања ниту анализи за истото. Па така единствениот начин на кој тие се пренесуваат во нашето образование се преку часовите на одделенските заедници кои се одржуваат во еден училишен час во текот на неделата.

Од друга страна, доколку го земеме како параметар меѓународниот инструмент ПИСА кој всушност мери до кој степен учениците можат да го аплицираат знаењето стекнато во училишните клупи во вистинскиот свет, резултатите не се најдобри. Како земја, во 2018г. сме на 67 место, односно во долната половина со мали подобрувања во однос на 2015г. Важноста на ПИСА во делот на животните вештини е во фактот што тестовите за учениците се така дизајнирани што не вклучуваат одговарање на факти и дати туку интерпретирање на текстови, решавање на проблеми или објаснување на феномени, вештини кои не се поврзани со едноставно меморирање на податоци.

Како заклучок, останува прашањето што треба да се промени и направи за да се подигне важноста на животните вештини и негова зголемена застапеност во образовниот систем? Пред се потребно е да се направи евалуација на постоечката имплементација на програмите за животни вештини, бидејќи во планот за развој на образованието 2018-2025 се нотира дека постојат предизвици во спроведувањето на истото. Понатаму потребно е да се промени логиката на пренесување на животните вештини само преку еден наставен час и диверзификација на активностите преку кои тие се пренесуваат како што се вон-наставни активности, водичи за часови кои можат да ги користат наставниците, редовни активности во кариерните центри итн.

ВОВЕД

Животните вештини заедно со вештините за писменост (треба да) претставуваат еден од најважните столбови во образованието на една единка. Постојат многубројни дефиниции за тоа што претставуваат Животните вештини. Според Светската здравствена организација (СЗО) "Образованието базирано на животни вештини е направено да го олесни практикувањето и зајакнувањето на психолошките вештини на културно и развојно соодветен начин". (СЗО 1999). Од друга страна според УНЕСКО „Образованието базирано на животни вештини е пристап базиран на промена на однесувањето за да се постигне баланс во три области и тоа: знаења, ставови и вештини" (УНЕСКО 2001).

Со други зборови, животните вештини помагаат на индивидуата да комуницира соодветно, да размислува критички, да решава проблеми и да донесува независни одлуки помеѓу другото. Во оваа насока Светската здравствена организација (СЗО) има идентификувано 10 клучни животни вештини: носење на одлуки, решавање проблеми, креативно размислување, критичко размислување, ефективна комуникација, интерперсонални релации и вештини, себеспознавање, емпатија, справување со стрес и справување со емоции.

Како такви, животните вештини мора да бидат дел од образовните програми кај младите но и кај возрасните, бидејќи претставуваат критички вештини за развој на карактерот на еден човек.

Во овие рамки Здружението Лидери за едукација, активизам и развој (LEAD) во изминатите две години работи активно на подобрување на животните вештини кај младите на возраст од 15 до 29 години преку програмата Училиште за животни вештини финансирана во рамки на регионалната програма Web4YES (Western Balkan Civil Society Organisations for Youth Employment Support), која е финансиски поддржана од Европската комисија.

Земајќи го ова предвид, целта на овој документ е да ја анализира состојбата во образовниот систем на С. Македонија (со фокус на средното образование) во делот на едукација за животни вештини но и да понуди конкретни решенија за подобрување на едукативните содржини наменети за животните вештини.

КОЛКУ СМЕ УСПЕШНИ ВО ЕКИПИРАЊЕ НА НАШИТЕ ДЕЦА СО ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ?

Доколку како индикатор го користиме резултатот на С. Македонија од ПИСА тестирањето, заклучокот е дека не чека напорна работа.

ПИСА[1] тестирањето, кое се спроведува на секои 3 години од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) всушност мери до кој степен учениците можат да го аплицираат знаењето стекнато од училишните клупи во вистинскиот свет.

Суштината на ПИСА е дали образовните системи ги подготвуваат учениците да стекнат социјални и емоционални вештини кои ќе им помогнат во понатамошниот развој и реалната економија. Тестовите на ПИСА се така дизајнирани што не вклучуваат одговарање на факти и дати туку интерпретирање на текстови, решавање на проблеми или објаснување на феномени, вештини кои не се поврзани со едноставно меморирање на податоци.

Токму овие вештини се дел од сетот на животните вештини кои се критични за понатамошен успех на една индивидуа.

Доколку според овој тест ја мериме успешност на нашиот образовен систем, тогаш резултатите се поразителни[2]. Северна Македонија од кога учествува во ПИСА тестирањето е секогаш во втората половина на рангирани земји, со просек кој достигнува и -90 поени разлика од просекот на земјите членки на OECD. За волја на вистината земјата бележи благо подобрување во резултатите за разлика од 2015 година, но се уште е рангирана на 67 место како и во 2015 и во 2018.

[1] ПИСА претставува скратеница од PISA – Programme for International Student Assesment.

[2] Резултатите од ПИСА тестирање за Северна Македонија се достапни на следниот линк https://www.oecd.org/pisa/publications/PISA2018_CN_MKD.pdf

ШТО ПРЕЗЕМАМЕ ЗА ЖИВОТНИТЕ ВЕШТИНИ ДА БИДАТ ДЕЛ ОД НАШИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ?

Животните вештини имаат многу мал фокус во стратешките документи од Министерството за образование и наука. Единствен стратешки документ во кој тие се третираат и се наведени е во Стратегијата за развој на образованието 2018-2025[3] каде што се наведува дека е изготвена Програма за образование за животни вештини со прирачник, што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение и опфаќа основни вештини за справување со предизвици од секојдневниот живот на учениците.

Понатаму во истиот документ се нотирани и предизвици од досегашното реализирање на програмите за животни вештини каде што се наведени следните заклучоци:

01 Недостаток на стандарди коишто би требало да ги дефинираат резултатите од учење во секој циклус (I, II, III) на основното образование, а наставниот план е преоптоварен;

02 Наставните програми не се доволно релевантни за локалната средина;

03 Во повеќето училишта недоволно или несоодветно се предава граѓанско образование, образование за животни вештини (ОЖВ), а претприемачките вештини се на ниско ниво и кај учениците и кај наставниците.

Животните вештини за првпат како наставна програма во македонскиот образовен систем се внесуваат во 2008г. со измените на Законот за основно образование. Според истиот е предвидено на часовите наменети за одделенската заедница (класен час) да се разработуваат содржини за подобрување на личниот и социјалниот развој на учениците.

Од друга страна, во средното образование програмата за животни вештини е воведена до 2011-2012 година исто така преку часовите наменети за одделенската заедница (класен час).

Понатаму, Бирото за развој на образованието (БРО) има издадено „Упатства за планирање, реализација и евидентирање на програмата за образование за животни вештини" која што е наменета пред се за основното образование.

Меѓутоа, тука се поставува прашањето дали животните вештини треба да се сведат

[3]Стратегијата е достапна на следниот линк - http://mon.gov.mk/page/?id=2048

ШТО ПРЕЗЕМАМЕ ЗА ЖИВОТНИТЕ ВЕШТИНИ ДА БИДАТ ДЕЛ ОД НАШИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ?

За жал директен одговор на ова прашање не може да се даде во овој момент, со оглед на фактот што не постојат податоци со кои може да се измери успешноста од досегашното спроведување на програмите за животни вештини за време на часовите за одделенските заедници. Но, самиот концепт од користењето на часовите на одделенските заедници има неколку свои недостатоци и тоа:

01 Малата фрекфенција на одржување на часовите на одделенската заедница (еднаш училишен час неделно);

02 Другите содржини (предизвици на ученици, изостаноци и разговори за теми поврзани со наставата) кои се застапени на часовите на одделенската заедница оневозможуваат да се стави фокус на животните вештини;

03 Ниската запознаеност и вештини на наставниците за пренесување на содржините поврзани со животните вештини.

Дотолку повеќе, што од преземените мерки за пренесување на животните вештини се доаѓа до заклучок дека истите можат и треба да се пренесат исклучиво преку посебен час кој е наменет за истите.

Земајќи ги во предвид ограничувањата кои ги нуди овој пристап потребно е воведување на нов поопширен пристап за пренесување на животните вештини кон учениците. Што тоа би требало да опфати?

Потребно е образованието за животни вештини да биде гледано како процес низ кој учениците ќе ги стекнуваат во текот на целокупното свое образование, наместо како засебна единица. Тоа пред се подразбира зајакнување на наставниот кадар кој ќе биде способен да пренесува такви вештини кон учениците. Понатаму, многу е важно вклучувањето на вон-наставните активности на редовна основа во образовниот процес, бидејќи истите овозможуваат не само стекнување на нови вештини туку и практикување на веќе стекнатите вештини во рамки на локалните заедници.

ШТО ПОКАЖАА ИСКУСТВАТА ОД ПРОГРАМАТА „УЧИЛИШТЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ”?

Програмата „Училиште за животни вештини” (УЖВ) се фокусираше на 6 критични вештини кои се потребни за развојот на младите луѓе. Програмата беше наменета за млади кои се сеуште дел од образовниот процес и/или се невработени и активно бараат, а воедно и се без искуства во посетување на обуки.

Истата беше поделена во 6 дводневни модули на следните теми: Личен развој 101; Вештини за барање на работа; Презентациски и комуникациски вештини; Тимска работа и тимски вештини; Решавање на конфликти; Критичко и креативно размислување. По завршувањето на обуката 20 учесници имаа можност да посетуваат едномесечна пракса во една компанија или организација за да го применат наученото во пракса. Програмата доби исклучително позитивни оцени од сите учесници поради неколку причини;

01 Пристапот кој се базираше на вистинските потреби на учесници за да бидат конкурентни на пазарот на труд

02 Користењето на неформалните алатки и методи во текот на сите модули

03 Користењето на реални примери и задачи кои беа задавани на учесниците и се фокусираа на личниот развој

04 Можноста за примена на наученото во пракса

Нашите искуства од досегашното работење, реализирањето на програмата и директниот контакт со работодавците покажуваат дека гореспоменатите вештини се составен дел од речиси секое работно место, без разлика на професијата. И не само тоа, една индивидуа која ги има развиено овие вештини станува свесна сама за себе и со самото тоа уште повеќе ќе инвестира да ги развие, надогради но и стекне други вештини. Сето тоа доведува младите луѓе да бидат компетитивни на пазарот на трудот, понатаму да креираат свои идеи и иницијативи и со самото тоа да придонесат кон општеството во коешто живеат.

Поради овие причини животните вештини потребно е да бидат многу позастапени во формалното образование.

ПРЕПОРАКИ

Потребни се серија реформи, измени во наставните програми како развивање на прирачните и документи кои ќе овозможат полесно интегрирање на животните вештини во целокупниот образовен процес.

Препораки за Министерството за образование и наука:

- Обучување на наставниците за спроведување на програми за животни вештини пред секоја учебна година;
- Обучување на наставниците за воведување на концептот на животните вештини преку материјата која ја предаваат;
- Воведување на програми за служба за заедницата.
- Развивање на водичи за развој на животни вештини за секој предмет поединечно

Препораки за училиштата:

- Воведување на кариерни центри кои преку целата година ќе реализираат активности
- Спроведување на евалуација на одделенските часови за застапеноста на животните вештини за време на часот
- Спроведување на евалуација на крајот на секоја учебна година за тоа колку ученците се свесни за животните вештини и во која мерки ги стекнале истите.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Документи за јавни политики и закони

- Закон за основно образование (Сл. весник на Р.М. бр. 103/2008)
- Закон за средно образование (Сл. весник на Р.М. бр. 156/2010)
- Стратегијата за развој на образованието 2018-2025
- Акциски план на Стратегијата за развој на образованието 2018-2025
- Стратешки план на Министерството за образование и наука 2020

Веб извори

- www.mon.gov.mk
- www.bro.gov.mk
- en.unesco.org
- www.oecd.org/pisa